РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

REPUBLIC OF MACEDONIA
MINISTRY OF FINANCE
CUSTOMS ADMINISTRATION

# 2000
# ГОДИШНИК
# ANNUAL REPORT

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЦАРИНСКА УПРАВА
ЦАРИНА · CUSTOMS



***Драган Даравелски***
*Директор на Царинската управа на Република Македонија*

***Dragan Daravelski***
*Director General of the Customs Administration of the Republic of Macedonia*

## ПРЕДГОВОР

Наоѓајќи се на перспективата на временското заокружување на еден Милениум, кој со себе ги донесе позитивните придобивки и напредокот на човештвото во сите домени на живеењето и работењето, насочувајќи се кон издигнување на човечкиот дигнитет и достоинство, би сакал да забележам дека и сферата на системите кои работат на заштита на националната економија, фискалните и трговските односи дава позитивен прилог кон глобалната Мисија за успех и создавање на заедница без граници.

Можеби нескромно, но корисно е да се напомене дека секој сегмент од работењето и битисувањето, проткаен со секојдневните предизвици и успех сам по себе, кој иако минорен, претставува дел од целокупниот мозаик на сликата на модерното време.

Оттука, логиката на нештата говори во прилог на пресликувањето на заложбите и напорите за креирање и оформување на служби, кои се во функција на граѓаните и трговските субјекти, кои ги задоволуваат стандардите за хармонизација, новите трендови на менаџментска технологија и системот на отворени вредности.

Фактите и перспективите, кои се наоѓаат пред Вас се само публикациско врамкување на она што реално се случува на теренот на нашето работење, благодарение на тимската, професионалната и плодната соработка на сите оние кои работат на исполнување на Мисијата на службата.

Неблагодарно би било да се рече дека се постигнати или заокружени сите позиции кои се зацртани пред нас, но убаввината на работењето е токму во гледањето на перспективите, дефинирањето на Визијата, која верувам и понатаму ќе биде водечки мотив за мене и моите колеги во постигнување на резултати за доброто на Република Македонија!

Со почит,

**ДИРЕКТОР**
**Драган Даравелски**

## INTRODUCTION

Being at the end of a Millennium that brought th e positive achievements and the progress of humanity in all areas of life and work with the direction to wards the elevation of the human dignity, I would li ke to state that also the systems that work on the pr otection of our national economy, fiscal and trade re lations, have given a positive contribution to the glo bal Mission for success and creation of a community without limits.

Maybe it will be immodest, but it is useful to m ention that every segment of the work, together wit h the everyday challenges is a success in itself, whi ch although is a minor one, still presents a part of th e complete mosaic of the modern time.

Therefore, the logic of things speaks in favour o f the efforts of the citizens and the trade subjects th at meet the standards of harmonisation, new trends of management technology and the system of open values.

The facts that are in front of you are not only a publication frame of what actually happens at our w orking terrain, thanks to the team, professional and fruitful cooperation of all who work on the fulfilment of the Mission of the Customs Service.

It will be ungrateful to say that all the plans hav e been realised, but the beauty of the work is seen e xactly in the following of the perspectives and defin ing the Vision, which, I believe, will in the future a lso be a leading motive for me and my colleagues f or the achievement of better results for the well-bei ng of the Republic of Macedonia!

Yours faithfully,

**DIRECTOR GENERAL**
**Dragan Daravelski**

**Царинската управа на Република Македонија на релација на зацртаната**

## МИСИЈА

**Во интерес на заштита и промоција на националното стопанство, Царинската Управа на Република Македонија преку одредена организациона мрежа ќе обезбеди брз, едноставен и ефикасен проток на патници, стоки, капитал и услуги на територијата на РМ; заштита на заедницата и сузбивање на царинските прекршоци и криминалитет од секаков вид, како и навремено, правилно прибирање на фискалните давачки, царините и даноците, кои спаѓаат во оваа надлежност.**

### НАСОКИ ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА МИСИЈАТА:

- Прилагодување, имплементирање на меѓународните правила и Европските стандарди во прилог на хармонизација, стандардизација и поедноставување на царинските постапки;

- Постигнување на повисок степен на ефикасност и ефективност преку донесување и примена на соодветна легислатива и работни планови;

- Афирмација на националното стопанство и активно креирање на атмосфера на слободна трговија и непречен проток на стоки, лица, капитал и услуги;

- Развивање и унапредување на меѓународна соработка помеѓу царинските служби во светот, како и со останатите меѓународни организации во интерес на размена на информации и сузбивање на царинските прекршоци и разните видови на инкриминирани дела.

**Реализација со исполнување на нашата**

## ВИЗИЈА

Во интерес на пораст на националната економија и целосно исполнување на Мисијата на Царинската Управа за следните години пред нас, поставени се следните цели:

- Промовирање на фер трговски односи;

- Олеснување на трговијата и унапредување на односите со стопанството;

- Зголемување на атрактивноста на Република Македонија како место за странски вложувања и флуктуација на странски капитал;

- Воведување на нови менаџментски технологии во управувањето, раководењето и организацијата на службата;

- Интерактивно обучување на кадарот преку

## MISSION

### OF THE MACEDONIAN CUSTOMS ADMINISTRATION

**In the interest of protection and promotion of the national economy, the Customs Administration of the Republic of Macedonia through an organised network will provide fast, simple and efficient flow of passengers, goods, capital and services on the territory of R. Macedonia; protection of the community and combat against customs offences and any kind of crime, as well as timely and regular collection of the customs duties and taxes that belong to this competency.**

### DIRECTIONS FOR THE FULFILMENT OF THE MISSION:

- Compliance with and implementation of the international regulations and the European Standards for harmonisation, standardisation and simplification of the customs procedures;

- Achieving a higher degree of efficiency and effectiveness through passing and implementation of appropriate legislation and working plans;

- Affirmation of the national economy and active creation of an atmosphere of free trade and flow of goods, persons, capital and services;

- Development and promotion of the international cooperation between the Customs Services in the world, as well as with the other international organisations for exchange of information and combat against the customs offences and different types of criminal acts.

**Realisation with the fulfilment of our**

## VISION

In the interest of the growth of the national economy and the complete fulfilment of the Mission of the Customs Administration for the next years, the following goals have been determined:

- Promotion of fair trade relations;

- Trade facilitation and promotion of the relations with the economy;

- Increasing the attraction of the Republic of Macedonia as a place for foreign investments and fluctuation of foreign capital;

- Introduction of new management technologies for management and organisation of the service;

национални и меѓународни обуки со цел за развивање на компетентен кадар ;

- Соодветна примена на релевантната легислатива со надградување на подзаконски акти заради поблиско определување на законските одредби, компатибилна со правната рамка на ЕУ;

- Почитување на етички стандарди и принципи;

- Развивање на информациониот систем и инфраструктурата, како прилог кон олеснување на трговијата и транзитниот промет;

- Оформување на ефикасна контролна функција, способна за откривање, превенција и истражување на царински прекршоци;

- Осовременување на системот за наплата на даноци, царински давачки, акцизи и ДДВ преку развивање и имплементација на соодветни начела, системи и постапка за наплата и пресметување на приходите.

### 2000-та ЈА ОДБЕЛЕЖАВМЕ СО...

... Царинскиот закон, идентичен со европската легислатива од областа на царинското работење...
... новата квалитативна функција на Царината за наплатата на ДДВ при увоз на стоки и услуги...
... учество на наши стручни лица во креирањето и техничката изведба на изменувањето и дополнувањето на Законот за царинска тарифа...
... искуството од новината при распределувањето на тарифните квоти при увоз на стоки на принципот впрв дојден, прв корисникг...
... богата меѓународна соработка со активности за склучување на билатерални спогодби за взаемна царинска соработка, подготвеност за стартот на две Спогодби за слободна трговија и учеството во подготовката на нови Спогодби...
... проширување на МАКЦИС и подготвеност за спроведување на Царинскиот закон и промените настанати со воведување на ДДВ...
... активностите за реформа на царинската служба како јавен сервис на граѓаните, согласно со Законот за државните службеници...
... спроведување на основна обука и друга едукација...
... проекти за инфраструктурно доопремување...
... наплатени повеќе од 25 милијарди денари фискални давачки...
... проекти и активности за откривање на недозволена трговија, криумчарење и сузбивање на нај софистицирани видови криминал - перење на пари, организиран криминал, мито и корупција...

- Interactive training of the personnel with a national and international training for the development of a competent staff;

- Proper implementation of the relevant legislation fo r the upgrading of the secondary legislation for closer determination of the legal provisions compatible with the legal framework of EU;

- Following of the ethic standards and principles;

- Development of the IT system and the infrastructure for facilitation of trade and the transit system;

- Creation of an efficient control for detection, prevention and investigation of customs offences;

- Modernisation of the system of payment of customs duties and taxes, excise and VAT through the de velopment and implementation of certain policies, sy stems and provisions for payment and assessment of revenues.

### WE HAVE CELEBRATED THE YEAR 2000 WITH...

... the Customs Law, identical with the European legislation within the framework of Customs work...
... the new qualitative function of the Customs for V AT payment during import of goods and service...
... the participation of our experts in the creation and technical performance of the amendments and the ad ditions to the Customs Tariff Law...
... the experience from the novelty in the tariff classification during import of goods on the basis of the principle "first come, first served"...
... the rich international cooperation with activities fo r signing bilateral agreements for Mutual Customs C ooperation, preparation for the beginning of two Fre e Trade Agreements and the participation in the prep aration of new Agreements...
... the extension of MAKCIS and the readiness for th e implementation of the Customs Law and the chang es caused by the introduction of VAT...
... the activities for the reform of the Customs Servic e as a public service of the citizens, according to the Civil Servant Law...
... the implementation of the basic training and other type of education...
... projects on infrastructural complete equipping...
... collected more than 25 billion denars fiscal revenue...
... projects and activities for discovering illegal trade, smuggling and combat against the most sophisticated types of crime: money laundry, organised crime, b ribery and corruption...



**Раководниот тим на Царинската упртава на РМ**

**Стремиме кон спроведување директни, интерактивни методи на планирање, управување и комуникација со цел да се развие и одржува ефкетивна и ефикасна царинска служба во согласност со потребите на релевантните фактори на влијание.**

**The Management Team of the Macedonian Customs Administration**

**We are moving towards the implementation of direct, interactive methods of planning, management and communication in order to develop and maintain an effective and efficent Customs Service according to the needs of the relevant influential factors.**

## ОРГАНИЗАЦИЈА, КАДРИ, ОБУКИ И ФИНАНСИИ

**Развиваме ефикасна царинска служба**

Со донесувањето на Законот за државните службеници во јули 2000 - та година, Царинската управа ги започна активностите за сопствената реформа како јавен сервис на граѓаните. Примената на овој Закон во делот на статусот, правата, должностите, одговорностите на државните службеници, системот на оценување, како и системот на плати и надоместоци на плати, Царинската управа ќе ја развива сообразно со делокругот, начинот на работа и организацијата на Царинската управа, како и правата и обврските на царинските службеници, уредени со Царинскиот закон. Ова предизвика долгорочни активности кои ќе се спроведуваат координирано и по препорака на Агенцијата на државни службеници, а во правец на:

- анализа и развивање на интегративен однос меѓу менаџментот, кадровските ресурси и стратегијата на службата;

- дефинирање на најдобрите решенија за практичната примена на прописите;

- оценување на извршената работа и мобилност на кадровските ресурси преку системот на ротирање;

- подготовка на систем на плати и надоместоци на плати врз основа на компетентност, одговорност и постигнати резултати;

- развој на кариера на кадровскиот потенцијал врз основа на постојано годишно следење и оценување за изминатата година.

***Наша тенденција е развивање на ефикасна царинска служба вштемелена на организационата структура и одговорноститие, заснована на националното законодавство и законодавството на ЕУ.***

**Обученоста- предуслов за успешност**

Програмите за обука беа насочени во насока на следење и развој на царинската служба како модерна и ефикасна служба. За таа цел, се работеше на развојната стратегија, реформа на постојната основна обука и специјализираните обуки со примена на современи техники во обуките, подготовка на сопствени материјали и прирачници, оценување и надгледување на обучувачите, воспоставување на евиденција на обученоста на вработените.
Беше спроведена основна обука за вкупно 287 царински работници, од кои 132 со висока стручна подготовка и 155 со средна стручна подготовка.
За одбележување е дека, во рамките на заедничката програма на УНДЦП и ФАРЕ, се вклучивме во активностите за спроведување

## ORGANIZATION, PERSONNEL, TRAI NING AND FINANCE

**We are developing an efficient Customs Service**

With the Civil Servant Law, that entered into force in July 2000, the Customs Administration has started the activities for its own reform as a public citizens` service. The Customs Administration will deve lop the implementation of this Law within the area of the status, the rights, the obligations, the responsibilities of the civil servants, the evaluation system, as well as the salary and the compensation system, according to the scope, the way of work and the organisation of the Customs Administration, as well as the rights and the obligations of the Customs officers determined by the Customs Law. This will cause long term activities that will be implemented in coor dination and by recommendation of the Civil Servant Agency, and in the direction of:

- analysis and development of integrated relations be tween the management, the personnel resources and the strategy of the service;

- definition of the best solutions for practical implementation of regulations;

- evaluation of the performed work and the mobility of the personnel resources through the rotation sys tem;

- preparation of a salary and a compensation system on the basis of competence, responsibility and ac hieved results;

- promotion of the career of the personnel on the basi s of a constant annual supervision and evaluation of t he previous year.

***Our tendency is to develop an efficient Customs Ser vice incorporated in the organisational structure an d responsibilities based on the national legislation and the EU legislation.***

**Training- a precondition for success**

The training programmes were directed towards the development of the Customs Service as a modern an d an efficient service. For this purpose, it was worke d upon the development strategy, the reforms of the c onstant basic training and the specialised training wit h the usage of modern training techniques, preparation of our own materials and guidelines, evaluation and supervision of the trainers, registering the re sults of the training of the employees.
A basic training was held with 287 Customs workers, 132 with university degree and 155 with high-sc hool degree.
It is important to mention that within the frame-

на законите за дрога во Југоисточна Европа. Обавена е обука за подобрување на вештините при откривањето на дрога која се пренесува преку аеродромите и е остварена работна посета на Аеродромот Гетвик во Велика Британија. Истата програма опфати и тренинг на две кучиња за откривање на лесни и тешки дроги и обука на двајца царински службеници за водичи на овие кучиња, во Тренинг Центарот на царинската служба во Германија.
За навремена едукација за примена на поедноставените постапки, одржан е семинар од страна на експерт од Италија, а се обави и студиска посета во Италија заради стекнување на практично искуство за примената на поедноставената постапка во спроведувањето на Законот.
Во соработка со Канцеларијата за заштита на озонската обвивка при Министерството за животна средина, организирана е и спроведена обука за препознавање и спречување на внесувањето на материи кои штетно влијаат на околината, а посебно на озонската обвивка.

***Цел во овој домен е развивање на Програма за обука, која целосно и независно ќе ја поддржува Работната Стратегија на царинската служба и ќе придонесе за подобрување на извршувањето на работните задачи преку обука и развој на вработените.***

**Неопходна адекватна инфраструктура и опрема**

Преку проектот ФАРЕ за меѓугранична соработка на Европската Унија и Република Македонија

- изграден е Терминалот на граничниот премин Богородица;

- завршено е инфраструктурното решение и опремувањето на граничниот премин Меџитлија;

- реконструирани се просториите за обука во Царинската управа;

- опремени се повеќе гранични премини со модерен и квалитетен мебел (Меџитлија, Ќафасан, Свети Наум, Деве Баир);

Се работи на Проект на Светска Банка за олеснување на транспортот и трговијата, наменет за модернизација на царинските гранични формалности и забрзување на царинењето на стоки, со кој се опфатени граничните премини Деве Баир, Ќафасан и Табановце-автопат, со вкупна вредност од 3.000.000 УСД.
Во однос на Проектот за модернизација на граничниот премин Блаце, за кој се одобрени средства преку Европската Унија, распишан е тендер за изградба на царински терминали од двете страни истовремено, а
преговорите за решавање на инфраструктурните прашања се во тек.

work of the Joint UNDCP-PHARE Programme, we have been involved in the activities for law enforcement and combat against drugs in Southeast Europe.
There was a training for the improvement of the capa cities for discovering drugs at the airports, and also t here was a study visit to the Gatwick airport in Great Britain. This programme also included a training of t wo sniffing dogs for discovering hard and easy drugs and a training of two Customs dog handlers at the C ustoms Dog Training Centre in Germany.
For a timely education on the implementation of sim plified procedures, a seminar was held by an Italian e xpert, and there was also a study visit to Italy for obt aining practical experience for the simplified procedures in the implementation of the Law.
In cooperation with the Office for Ozone Layer Prote ction of the Ministry of Environment, there was a train ing for the identification and prevention of the import of hazardous materials that are dangerous for the environment and especially for the ozone layer.

***The objective of this area is the development of a Tr aining Programme that will completely and independently support the Working Stratey of the Custo ms Service and will conribute to the improvement of the performance of the work tasks through training and development of the employees.***

**The essential adequate infrastructure and equipment**

Through the PHARE project for international cooperation between the European Union and the Republi c of Macedonia:

- a Terminal was built at the Bogorodica border cross ing;

- the infrastructural solution has been completed as well as the equipping of the Medjitlija border crossing;

- the training facilities at the Customs Administration have been reconstructed;

- several border crossings have been equipped with a modern and a good-quality furniture (Medjitlija, Ka fasan, Sveti Naum, Deve Bair);

There is also a Project from the World Bank for the T rade and Transport Facilitation with the purpose of th e modernisation of the border Customs formalities a nd the facilitation of the clearance of goods, and it co vers the border crossings: Deve Bair, Kafasan and Ta banovce-motorwar, with the total amount of 3.000.0 00 USD.
As far as the Project on modernisation of the Blace b order crossing is concerned, with which financial me ans have been approved by the European Union, a te nder has been announced for the building of the Cust oms Terminals at both sides simultaneously, and at th

За одбележување е изградбата и ставањето во функција на времениот царински терминал во близина на Стенковец, со средства обезбедени од страна на Владата на САД.

***Адекватната инфраструктура и опрема на граничните премини и останатите објекти на службата претставуваат битен предуслов за правилно извршување на царинската постапка.***

**Наплата на давачките во царинската постапка**

Во 2000-та, во царинската постапка наплатени се повеќе од 25 милијарди денари, што во Буџетот на Република Македонија е учество со 50%.
Наплатата на царинските давачки достигна ниво од 7.751.954.752 ден. и во однос на 1999 год. е помала за 6,26 индексни поени. Ова се должи на операционализирањето на генералната стратегија на Македонската држава за вклучување во тековите на светската трговија, што подразбира намалување на протекционизмот на домашниот пазар. Овој тренд на намалување на царинските давачки се предвидува да продолжи и во наредните години.
Стапувањето во сила на Законот за ДДВ во основа ја измени методологијата на пресметка и наплата на данокот и акцизите. Ова резултираше со четири пати поголем износ на наплатениот данок и акцизи (17.365.569.433,00 ден.) за 2000 година, во однос на (4.251.487.733,00) 1999 година.
Расходниот дел на Буџетот за 2000 според проекцијата на тековните трошоци предвиде 177 мил. ден., од кои на име материјални трошоци износ од 40 мил. ден., а на име плати и надоместоци 132 мил. ден. Вкупно одобрените средства за плати, надоместоци и материјални трошоци претставуваат 18% од собраните приходи за царинска евиденција од 1 милијарда денари.

***Се залагаме за обезбедување на максимална ефикасност и интегритет при наплатата на давачките во царинската постапка, со развивање на соодветни постапки за евиденција и анализа на приходите, навремен трансфер и координација со државниот Буџет.***

## ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН И ЗАКОНОТ ЗА ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Царинскиот закон, идентичен со европската легислатива од областа на царинското работење и Законот за ДДВ, од кој произлезе новата квалитативна функција на Царината за неговата наплата при увоз на стоки и услуги започнаа да се применуваат на 01.04. 2000 год.
Царинската управа на Република Македонија активно учествуваше во изготвувањето на двата закона, а беа реализирани и бројни активности заради нивно успешно стартување

e moment there are negotiations for the solution of th e infrastructural issues.
We also need to mention the building and the functioning of the temporary Customs Terminal near Stenkovec, with the means provided by the USA Government.

***The adequate infrastructure and the border crossing equipment as well as the other facilities of the S ervice present an essential precondition for the pro per implementation of the Customs procedure.***

**Payment of Customs duties and taxes during the Customs procedure**

In the year of 2000, with the Customs procedures mo re than 25 billion Denars have been collected, which in the Budget of the Republic of Macedonia is a participation of 50% .
The collection of the Customs duty and taxes has rea ched a level of 7.751.954.752 Denars and in comparison with 1999 it is smaller for 6,26 index points. This is due to the operationalisation of the general str ategy of the Macedonian state for its involvement in the international trade flows, which means decrease i n the protectionism at the domestic market. This tren d for decreasing the Customs duty and taxes is plann ed to be continued in the next years as well.
The VAT Law basically changed the methodology fo r the calculation and collection of duties and excise. This has resulted in four times bigger amount of the paid tax and excise ( 17.365.569.433,00 denars) for 2 000 in comparison with 1999 (4.251.487.733,00).
The Budget expenses for 2000, according to the projection of the current expenses, are 177 mil.den., out of which 40 mil. den. are for material expenses and 1 32 mil. den. for salaries and compensations. The tota lly approved means for salaries, compensations and material expenses are 18% of the collected revenue for Customs registration of 1 billion denars.

***We try to provide a maximum efficiency and integri ty during the collection of Customs duty and taxes with the development of appropriate procedures for registration and analysis of the collected revenues, timely transfer and coordination with the Na tional Budget.***

## THE CUSTOMS LAW AND THE VALUE ADDED TAX LAW

The Customs Law, which is identical with the Europ ean Legislation in the area of Customs work, and the VAT Law, out of which the new qualitative function of the Customs for VAT collection during import of goods and services has emerged, started to be imp lemented from 01.04.2000. The Customs Administra tion of the Republic of Macedonia has actively participated in the preparation of the two laws, and, fur-

и применување.

Новиот Царински закон ги опфаќа одредбите на меѓународните спогодби и конвенции од областа на царинското работење и негови основни цели се:

- зголемени овластувања на царинската служба и подобрување на статусот, во функција на зголемување на нејзината ефикасност;

- нагласување на контролната функција на царинската служба;

- воведување на селективност при спроведување на царинската постапка;

- заострување на казнената политика;
- обезбедување на инструменти за плаќањето на царинскиот долг;

- примена на поедноставени царински постапки;

- поедноставена управна постапка.

Следејќи ги препораките на Европската Унија и Светската Царинска Организација, Хармонизираниот Систем за распоредување на стоките, преку Законот за царинска тарифа, се применува и во Законот за ДДВ. Тоа значи дека определувањето на стапката на ДДВ е во согласност со распоредувањето на стоките во Хармонизираниот Систем.

***Заложба е да се изгради стабилен и сеопфатен законски систем кој ќе обезбеди еднаква примена на царинската легислатива на Европската Унија, кој е замислен да ги зајакне овластувањата на царинските службеници, при што обврските и правата на царинските службеници, стопанските субјекти и јавноста ќе се третираат транспарентно.***

## КОНТРОЛА И ИСТРАГИ

Активностите од доменот на контролата и истрагите се насочени во насока на борба против недозволената трговија, криумчарењето и спречувањето на нај софистицираните видови криминал - перење на пари, организиран криминал, мито и корупција.
За реализирање на ова, се работеше на превентивна контрола на документи и стока во царинските испостави и во фирми, откривање на криумчарена стока, царински и девизни прекршоци, како и откривање на дрога и прекурсори со помош на кучиња. Учеството во разни проекти (ПХАРЕ- национална програма за 2000, СЕЦИ, РИЛО и сл.) овозможија подобрување на постапките, методологиите и опремата за откривање на криумчарена стока, царински и девизни прекршоци на граничните премини и во внатрешноста на Република Македонија.
Од финансиски аспект, со извршените допол-

thermore, many activities have been realised for thei r successful start and implementation.

The New Customs Law includes the provisions of th e International Cooperations and Conventions on Cu stoms work and its basic objectives are:

- bigger competencies of the Customs Service and i mprovement of its status in order to increase its efficiency;

- emphasis of the control functions of the Customs S ervice;

- introduction of selectivity during Customs procedures;

- stricter policy for penalties;

- provision of means for payment of the Customs deb t;

- implementation of simplified customs procedures;
- simplified administrative procedures.

According to the recommendations of the European Union and the World Customs Organisation, the Har monised System for Classification of Goods, with th e Law on Customs Tariff, has been implemented in t he VAT Law as well. This means that the determination of the VAT rate is made according to the classification of goods in the Harmonised System.

***The tendency is to build a stable and overall legal sy stem which will provide equal implementaion of the Customs legislation of the European Union that in tends to reinforce the authorities of the Customs wo rkers, during which the obligations and the rights o f the Customs officers, the business and the general public will be treated transparently.***

## CONTROL AND INVESTIGATION

The activities within the framework of control and in vestigation are directed towards the combat against il legal trade, smuggling and fight against the most sop histicated types of crime: money laundry, organised crime, bribery and corruption.
For the realisation of the above mentioned issues, we have worked on the preventive control of documents and goods in the Customs Offices and companies, discovering smuggled goods, customs offences and the infringements of the currency law, as well as discovering drugs and precursors with the help of do gs. The participation in different projects (PHARE - National Programme for 2000, SECI, RILO, etc.) ha ve enabled improvement of the procedures, methodologies and equipment for the discovery of smuggled goods, customs offences and infringements of th e currency law at the border crossings and inside the te

нителни, делумни и детални контроли утврдена е дополнителна наплата на царина и други давачки од 3.541.187 ДЕМ, што во однос на 1999 година е приближно 5 пати поголем износ.
Во интерес на исполнување на наведеното перспективите на Секторот за контрола и истраги се движат во правец на заокружување на подзаконската регулатива, која ќе ја даде правната рамка за делувањето на царинските службеници кои се задолжени за контрола и сузбивање на илегалната трговија. Во прв ред овде спаѓаат правилниците за употреба на огненото оружје, контролираните испораки, преглед на места заради детектирање на криумчарена стока, употреба на софистицирани методи за контрола и подетално детерминирање на останатите овластувања кои се дадени во Царинскиот Закон.
Покрај логистичката поддршка од овој аспект, 2001 година треба да биде и година за целосно екипирање на субординираните одделенија, што само по себе ќе значи и отворање на простор за натамошно професионално профилирање и обука на кадровскиот потенцијал.

***За потребите на контролата и истрагите неопходна е служба која ќе биде доволно флексибилна за да:***
***- реагира на секаков вид на недозволена трговија и криумчарење согласно со методите за проценка на ризици со цел да се обезбеди правилна наплата на царинскиот долг и да се заштити Државата од криминални дејствија,***
***- контролира правилна и еднообразна примена на законските прописи.***

## ПРОЕКТ СЕКИ

**Регионален центар на земји од Југоисточна Европа за сузбивање на прекуграничен криминал**

Во рамките на Регионалната иницијатива за соработка на земјите од Југоситочна Европа СЕКИ, дејствува постојана работна група за унапредување на граничните премини и активности за надминување на оперативните проблеми, во состав на која е формирана и подгрупа за борба против прекуграничниот криминал и корупција. Со почитување на правните заложби на Меѓународната заедница, земјите од СЕКИ регионот го ратификуваа мултилатералниот договор за соработка при превенција и борба против прекуграничниот криминал и Повелбата за основање на СЕКИ Регионален Центар.
Земји членки на Иницијативата се: Албанија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Грција, Македонија, Молдова, Унгарија, Словенија, Романија и Турција. Владата на Република Македонија го парафираше споменатиот договор во Мај 1999, а ратификацијата е на 09.03.2000 година со што истиот стапи на сила на 01.04.2000 година.
Основната цел на Регионалниот СЕКИ

rritory of the Republic of Macedonia.
From the financial point of view, with the performed additional, partial and detailed controls, additional payment of customs duties and taxes have bee n made with the amount of 3.541,187 DM, which co mpared with 1999 is approximately a 5 times bigger amount.
